*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ*
Оддел за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди
Број 14.4 - /
година
С к о п ј е

# И З В Е Ш Т А Ј
***за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2019 година***

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапува при утврдување на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршење на полициските работи, на овластените службени лица во вршењето на посебните должности и овластување и во постапувањето на останатите работници во Министерството за внатрешни работи. Како внатрешен контролен механизам во Министерството, Одделот континуирано работи на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица, расчистување на неправилностите во работењето на вработените во МВР, постапувајќи како по податоци, информации и сознанија кои самостојно ги прибира, така и по добиени известувања, анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, барање од јавните обвинителства, невладини организации и други субјекти.

Кон крајот на 2018 година се комплетира законската рамка за воведување на ефикасна надворешна контрола врз работата на полицијата со проширување на надлежностите на надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања. За таа цел, извршени се измени и дополнувања на Законот за Народен правобранител, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за јавно-обвинителска служба, Закон за извршување на санкции, Закон за јавно обвинителство и Законот за судови. Со овој концепт се воспоставува посебна единица кај Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола, а истовремено се овозможува Народниот правобранител да поднесува иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност кај полициските службеници. Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се формира специјализирано одделение кое е надлежно за кривично гонење за кривични дела извршени од страна на лицата со полициски овластувања сторени при вршење на службата, како и за кривични дела извршени надвор од службата со употреба на сила или средства на присилба, при што како

последица настапила смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобата, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачо постапување и казнување, доколку со посебен закон е предвидено гонење по службена должност. Во насока на целосна имплементација на овие закони, Министерот за внатрешни работи во јули 2018 година го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за вршење на работите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Во текот на 2019 година, овој надворешен механизам за контрола почна да функционира, посебно во делот на надлежностите на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања, во ОЈО ГОКК. За досегашната соработка со ОВККИПС, може да се констатира дека е исклучително добра, а комуникацијата тековна и без проблеми. Општ е впечатокот, дека самото постоење на вакво Одделение влијае врз свеста и работата на полициските службеници во насока на нивно професионално постапување. Имплементацијата на овој дел од надворешниот механизам за контрола, беше предмет на интерес на Канцеларијата на Советот на Европа во Република Северна Македонија и Поткомитетот за правда и внатрешни работи на ЕУ, за што се остварени заеднички работни средби.

ОВККИПС е координатор на активностите од Акциониот план за имплементација на обврските за Министерството за внатрешни работи, кои произлегуваат од изврештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ – петти круг, на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките иврщни функциои) и органите за спроведување на законот", а кои отпочнаа веднаш по потпишувњето на Акциониот план. Во оваа насока, одржани се работни средби со раководителите на организациските единици задолжени за постапување по Акциониот план, а Одделот веќе ги приврши активностите на коишто е носител. Имено, во делот објавување на што поголем број на податоци, поврзани со конкретни аспекти од работата на МВР, Одделот на веб страната на МВР, редовно ги објавува периодичните и годишните извештаи, Програмата за работа на Одделот и Антикорупциската програма. Планот за интегритет на вработените во МВР е во фаза на работна верзија, а работна верзија е изготвена и за Етичкиот кодекс за вработените во МВР.

На меѓународен план, Одделот ја интензивира соработката со Директоратот за внатрешна безбедност на Република Бугарија, а започнати се активности за ваква соработка и со Генералниот Директорат за анти-корупција при Министерството за внатрешни работи на Република Романија. Активностите се во насока на изнаоѓање на компаративни искуства во справувањето со корупцијата во полицијата во земјите членки на ЕУ.

Во текот на годината отварени се повеќе меѓународни конференции во неколку држави и учества на регионални форуми, се со цел продлабочување на соработката, ефикасноста и ефективноста во работењето.

Во делот на континуираното стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството, од страна на Одделот, тековно се одржуваат работилници на кои се презентира Програмата за јакнење на полицискиот интегритет, како и други

планирани обуки и работилиници во земјата и странство. Посебен акцент оваа година е ставен на развивање на Планот за интегритет за сите вработени во Министерството, усогласен со стратегиите на Владата за борба против корупцијата и зајакнување на интегритетот и професионалноста во државните институции.

Во изминатата година се продолжи со процесот на кадровско екипирање на Одделот и преку интерен, транспарентен оглас, беа огласени 12 слободни работни места, од кои се пополнети четири работни места главен инспектор. Во 2019 година, двајца вработени од ОВККИПС се распоредени на работно место во други организациски единици во Министерство, а еден вработен се пензионира.

### *Статистички показатели за работата на Одделот*

Во текот на 2019 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презеде мерки за испитување на **1371** (1.382)[1] случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува благо намалување за 0,8 % во однос на минатата година.

Во 2019 година, примени се **582** (656) **писмени претставки од граѓани**, што е намалување на примените писмени претставки за 11,3 % споредено со истиот период минатата година. Во однос на примените **записници за усно поднесени претставки - 252** (261), забележано е намалување за 3,5 %. За 21 % е намален бројот на примени **анонимни поднесоци - 125** (160), во кои граѓаните укажуваат на одредени неправилности во работењето на вработените во МВР, а од најразлични причини не ги кажуваат сопствените генералии. Бројот на пријавите за непрофесионално и незаконско постапување на припадници на МВР по пријава на телефонскиот број 199, е зголемен од пет минатата година, на **шест** во оваа.

Писмени реакции во вид на претставки, жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - **29** (29) од кои **26** преку **Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија и по една преку Македонска преродба, Единство на македонскиот народен отпор и Центар за развој на ромска заедница.**

Оваа година се бележи зголемување за 53 % кај бројот на добиени претставки од **Народниот правобранител - 49** (32). Намалување за 4% е забележано кај поднесоците добиени од **адвокати како полномошници на граѓани - 66** (69) и скоро идентична е бројката кај добиените **претставки од правни лица - 41** (40).

Во најголем број на случаи, претставките се однесуваат на забелешки за непрофесионално постапување на одредени овластените службени лица во смисла на непреземање на службени дејства по однос на одреден настан или се изразува незадоволство од преземените мерки и активности, а во дел од претставките се изнесуваат

---

[1] *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

забелешки по однос на видот и висината на санкциите изречени за сторени прекршоци, најчесто од ЗБПС, потоа за начинот на изготвување на записници за случени сообраќајни незгоди, начинот на постапување на полициските службеници при преземање на полициските овластувања и слично.

По однос на претставките, во одредени предмети за покарактеристични случаи, истовремени или последователно се добивани поднесоци од повеќе субјекти (граѓани, невладини, народен правобранител).

Покрај добиените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и **193** (226) **службени материјали (службени белешки, информации, телеграми) од организациските единици во МВР** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од вработени во МВР.

Од **1371** (1.382) случаи за кои се вршени проверки, **980** (1036) **или 71 % се предмети во кои е постапувано врз основа на добиени претставки од граѓани и правни лица** во кои се посочуваат неправилности извршени од страна на вработени во МВР, а останатите се по добиени известувања, сознанија, e-mail и слично. По земањето во работа на претставките и извршената анализа, може де се констатира дека во **610** (614) случаи наводите изнесени во нив се **неосновани, во 181** (131) случаи **се основани,** за **165** (232) предмети **нема доволно докази** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, **48** (47) се **делумно основани**, **19** (12) случаи, по извршените проверки на наводите во претставките, **решени се на друг начин** (повлечени, нема основ за постапување, не се во надлеженост на Одделот или е постапено од друга организациска единица).

Во 980-те предмети по кои е постапено, во сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и подзаконските акти, од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се иницирани задолжителни мерки до овластените предлагачи каде се вработени, за поднесување на предлог за утврдување на дисциплинска одговорност.

За утврдените неправилности, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против **334** (338) полициски службеници изрече задолжителна мерка за поведување на **постапка за утврдување на одговорност пред надлежна Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност.** За **163** (174) **лица** е изречена мерка-**укажување, за 27** (25) **вработени** за причинета штета на Министерството им е изречена мерка покренување на постапка за **надомест на штета-материјална одговорност. За 20** (22) **вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, 44** (51) **се упатени на психолошко-психијатирски преглед и од 44** (37) **вработени е одземено службеното оружје.**

**Во 2019** година, претставници од Одделот, учествуваа во работата на дисциплинските комисии во постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на вработени во МВР на 437 расправи.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица кои имаат обележја на кривично дело, од страна на ОВККИПС се поднесени **седум** (15) **кривични пријави** против **10** (19) **вработени** во МВР за сторени **девет** (19) кривични дела, од кои **пет** кривични дела **„злоупотреба на службената положба и овластување" и по едно кривично дело „Фалсификување исправа", „ тешка телесна повреда", „мачење и друго нечовечно или понижувачко постапување и казнување"и „малтретирање во вршење на служба ".**

Покрај ова, во текот на 2019 година, изготвени се и доставени **166** (198) **Известувања** до Основните јавни обвинителства во РСМакедонија, од кои **95** (145) **се за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово запознавање и постапување, а **71** (53) **Известувања се доставени по барање на ОЈО**.

**Од нив, до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Одделение за гонење на лица со полициски овластувања од страна на ОВККИПС доставени се 97 известувања.**

Изминатата 2019 година, Одделот за внарешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше по **67** (64) **поднесоци**, во кои е наведено дека од полициски службеници врз граѓани **е употребена физичка сила.** По преземените мерки и испитување на случаите, утврдено е дека ***26*** (15) ***поднесоци се неосновани,*** односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена, во **38** (44) ***случаи*** поради немање на докази ***не може да се утврдат наводите во претставката*** за употребена физичка сила и **три** (пет) **поднесоци се** ***основани*** –за што од страна на ОВККИПС се поднесени кривични пријави.

Одделот за сите случаи за кои е известен дека полициски службеници постапувале незаконски и непрофесионално кон граѓаните, без исклучок постапува и професионално ги врши проверките во претставките, без селективен пристап, со еднаков третман кон граѓаните, а по извршените проверки навремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките.

Во врска со добиените предмети, по извршени проверки од страна на Одделот, доставени се **1267** (1310) **одговори и известувања до граѓани**, **27** (25) **одговори** до невладини организации, **90** (99) одговори до правни лица и **109** (99) одговори до адвокати.

Од вкупно примените **49** (32) **поднесоци од Народниот правобранител, одговор е доставен на 48 претставки, а еден предмет е во тек.**

Во 2019 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на **55** (65) случени сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во МВР и управувале возила сопственост на Министерството. За случаите каде е констатирано дека при управување на службените возила вработените во Министерството не ги почитувале законските прописи при што е настаната материјална штета на возилата сопственост на МВР, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички

истраги и професионални стандарди до непосредните раководители каде истите се вработени изрече задолжителни мерки да бидат покренати **20** (17) постапки за утврдување на **материјална одговорност и една иницијатива за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.**

***Спроведени контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди во организациски единици на МВР***

Во анализираниот период, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со вршење на контроли во организациски единици на МВР, со цел утврдување на алкохолизираност на полициските службеници за време на работа, почитување на работното време, употреба на службени возила со уредно издаден налог за патување, почитување на член 168 став 2 од Законот за внатрешни работи и Правилникот за содржината и начинот на водење евиденции во книгата за дневни настани, почитувањето на постапката со повикани, приведени и задржани лица во полициските станици, предвидени во стандардните оперативни процедури. Извршени се 19 контроли во 48 организациски единици во МВР и една контрола на ПС задолжени за физичко обезбедување на спортски центар „Борис Трајковски“

За констатираните пропусти, Одделот изрече задолжителни мерки раководителите на организациските единици да им укажат на вработените да преземат мерки за нивно надминување, додека за еден полициски службеник доставена е иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, постапувајќи по наредба бр. 14-16191/1 од 22.02.2019 година на Министерот за внатрешни работи, а во содејство Државниот инспекторат за патишта при Министерството за транспорт и врски и полициски службеници од Мобилната единица за безбедност на патниот сообраќај, на 22.02.2019 година, на наплатните станици (патарини), во РСМ („Глумово“, „Петровец“, „Миладиновци“ и „Тетово“), изврши контрола на возачи кои злоупотребуваат службени легитимации и звучни сигнали (флешери), со цел одбегнување на плаќање на надоместок за патарина.

Од извршената контрола констатирано е дека од 9 (девет) возачи вработени во МВР, кои го избегнале плаќањето надоместок на патарина, против тројца полициските службеници кои ги злоупотребиле службените легитимации е доставена иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност, додека за останатите ОВККИПС изрече задолжителна мерка укажување.

Од извршените контроли во периодот на јули, август и септември Одделот констатира неправилности во работењето во четири организациски единици, при што 22 полициски службеници од ПС за ГП и ГН Богородица, ПС за ГП Табановце, ПС за ГП Ќафасан и ПС за ГП и ГН Долно Блаце, постапиле спротивно на инструктивните телеграми на Министерството со што

сториле потешко кршење на работниот ред и дисциплина. Од страна на ОВККИПС против истите се доставени иницијативи за утврдување на дисциплинска одговорност, додека за шестмина од нив дадена е предлог мерка отстранување (суспендирање) од работното место до завршување на дисциплинската постапка.

ОВККИПС, во текот на март, постапувајќи по Наредба бр. 14-24889/1 од 25.03.2019 година на Министерот за внатрешни работи и План бр. 14-599/2 од 25.03.2019 година, упати вработени од Министерството, поточно од СВР Скопје и СВР Тетово, во Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија во Скопје, за вршење на испитувања за присуство на наркотици во организмот. Од предвидените 44 вработени, материјал за испитување е земен од 36 работници, затоа што 8 работници, по разни основи, биле отсутни на денот на вршењето на нарко-тестот. По извршените анализи на примерок од крв и урина, Институтот до Министерството достави Извештај, во кој е констатирано дека во организмот на вработените над кои е вршена анализа нема присуство на опојни droги и психотропни супстанции.

### *Активности на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во врска со одржаните претседателски избори 2019 година*

За време на спроведување на „Претседателските избори 2019“ и предвремените избори за градоначалник на општините Охрид, Ново Село и Дебар, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, согласно надлежностите, преземаше мерки и активности за законито, професионално и коректно извршување на службените задачи на припадниците на МВР и тоа во текот на целиот процес. Пред почетокот на кампањата, одржани се работни состаноци со раководителите на организациските единици во МВР, при што им е укажано за потребата од почитување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат ова материја и им е посочено дека вработените не смеат да ја доведат во прашање професионалноста, непристрасноста и законитоста во вршењето на работните задачи. Одделот на 21.04.2019 година и на 05.05.2019 година, презеде мерки и активности во два пријавени случаи за незаконито и непрофесионално однесување на полициски службеници, по што е утврдено дека едната пријава е неоснована, а во вториот случај, по извршените проверки констатирано е дека полицискиот службеник, неоправдано, во неколку наврати се оддалечил од местото кое го обезбедувал и против него е поднесена иницијатива за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

### *Соработка со сродни служби од други држави*

На ден 23.04.2019 година, во просториите на Дирекцијата за внатрешна безбедност во Министерството за внатрешни работи на Република Бугарија, остварена е регионална средба

помеѓу претставници од ОВККИПС и Дирекцијата, на тема „остани чист – кажи не на корупцијата“, на која беа претставени отпочнатите и планираните превентивни активности, за кои се очекува и предлага заедничка соработка и реализација. Како дел од овој проект, на ден 30.09.2019 година на граничниот премин „Деве Баир“, спроведена е заедничка превентивна активност од страна на претставници од ОВККИПС во МВР на РСМ и претставници од Дирекцијата за внатрешна сугурност во МВР на Република Бугарија, преку делење на едукативен материјал за подигање на свеста за борба против корупцијата, а на ден 23.10.2019 година, ваква активност е реализирана на граничниот премин „Делчево“ од македонска страна и „Лисичково“ на бугарска страна.

На ден 19.06.2019 година, остварена е средба со колеги од Дирекцијата за внатрешна сигурност при Министерството за внатрешни работи на Република Бугарија, за меѓусебна соработка при сузбивање на коруптивни дејствија кои се појавуваат на граничните премин на бугарскиот дел на влез и излез од Република Бугарија кон РСМ.

Во периодот од 04-06.11.2019 година претставници од ОВККИПС учествуваа на четвртата Реионална конференација на Мрежата за зајакната регионална соработка на единиците за внатрешна контрола - NERCISU, во Стара Загора, Република Бугарија.

Во деновите 25 и 26.11.2019 година остварена е работна посета на Генералниот Директорат за анти-корупција при Министерството за внатрешни работи на Република Романија, организирана од страна на ОБСЕ. На средбата се претставени најдобрите практики за воведување на тест за интегритет заради докажувањето на дисциплински повреди и кривични дела со елементи на корупција.

Во периодот од 02-04.12.2019 година, во Стара Загора, Република Бугарија, претставници од Одделот учестуваа во регионалната работилиница на тема „Модерни методи и практики во превенција и борба против корупцијата на граничните премини на државите на Западен Балкан“, во организација на Дирекцијата за внатрешна сигурност при МВР на Република Бугарија.

Претставници од Одделот учествуваа на 19-та Годишна професионална конференција и Генералното собраните на Европските партнери за борба против корупција (EPAC/EACN), која се оджа од 10-12.12.2019 година во Стокхолм, Шведска, со акцент на механизмите за пријавување на корупција, ризици и превенција, како и претставување на Стокхолмската декларација за 2019 година со клучните приоритети на националните полициски тела за надзор и антикорупциските власти од државите членки на Советот на Европа и на ЕУ.

### *Проектни активности, студиски посети, обуки и други форми на стручно оспособување за вработените во Одделот*

Во насока на стручно оспособување и усовршување на вработените од Одделот, во текот на 2019 година беа реализирани работилници, обуки и студиски посети.

На ден 24.01.2019 година, двајца претставници од Одделот, како членови на владина делегација, учествуваа во презентацијата на Националниот извештај за Универзалниот

периодичен преглед за имплементација на политиките поврзани со почитување на човековите права во Република Северна Македонија, во Женева, за време на 32-та сесија на Советот за човекови права.

На ден 06.02.2019 година, петмина претставници од Одделот, присуствуваа на тркалезната маса за презентација на нововоспоставниот механизам за надворшна контрола на работата на полицијата во Холидеј ин, организиран од ёканцеларијата на Советот на Европа – Скопје.

На ден 12.03.2019 година во Стразбург, на тематската дебата насловена како „Ефективни истраги“, учествуваше Помошникот министер на ОВККИПС.

На ден 19.03.2019 година, во Скопје се одржа состанок на Управниот комитет на HORIZONTAL FACILITY програмата, на Западен Балкан и Турција, на кој учествуваа претставници од Одделот, а во поглед на усогласување на стандардите на Советот на Европа и законодавството на ЕУ.

На ден 21.03.2019 година во Стразбург, Помошникот министер на ОВККИПС како номиниран претставник од МВР за активностите во врска со Петтиот циклус на ГРЕКО и уште еден претставник од Одделот учествуваа на 82-та Пленарна сесија на ГРЕКО, на која беше разгледан Оценувачкиот извештај за РСМакедонија во врска со Петтиот круг на оценување на ГРЕКО насловен како „Превенција на корупција и промовирање на интегритет во централната власт.“

Претставник на Одделот, во деновите 27 и 28.03.2019 година, во хотел „Русија“ во Скопје, присуствуваше на тренинг сесија на тема „Антидискриминација во плурални општества, правни стандарди и практични искуства“.

На ден 03.04.2019 година, во Тирана, Република Албанија, претставник на ОВККИПС, учествуваше во работата на Регионалната завршна конференција на Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција, организирани од Совет на Европа и Европската унија, на која се истакнати придобивките од овој проект за Министерството.

Во периодот од 15-17 април 2019 година во Крушево беше одржана работилница за Експертската работна група на Меѓуресорското тело за човекови права „Потсетување и продолжување“, која ја организираше Министерството за надворешни работи во соработка со Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ОН во РСМакедонија. На претставниците од Одделот им беа презентирани националните механизми за известување и следење, како и капацитетите за управување со информации. Работилници на експертската работна група се одржани на 09-10.05.2019 година во Маврово, на 02-04.10.2019 година и на 18-20.12.2019 година во Велес, каде членовите на експретската работна група работеа на ажурирањена планот за систематизирање на препораките со цел координација и имплементација во соодветната организација.

На ден 29.05.2019 година, во Кабинетот на Министерот за внатрешни работи, се одржа состанок меѓу делегацијата на Министерството за внатрешни работи предводена од Министерот и Ко-известителите на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите–членки на Советот на Европа, на кој учествуваше Помошникот на Министерот во ОВККИПС и на кој имаше можност да се разменат информации околу обврските од

резолуциите 1949 (2013), 2022 (2013) на Советот на Европа, главно околу обезбедувањето на фер и демократски изборен процес, Изборниот законик, Избирачкиот список, состојбите на планот на борбата против тортура, нехумано или понижувачко постапување и казнување и реформи во Министерството.

Претставници од Одделот, на ден 03.07.2019 година, учествуваа во работилиница, а на ден 09.07.2019 година, во обуката на тема (не)применувањето на Законот за укажувачите и Улогата на укажувачите во борбата против корупцијата.

На работилницата на тема „Проценка на ризиците од корупција во Република Северна Македонија“ одржана на ден 10.09.2019 година во Скопје, учестуваа двајца претставници од Одделот.

Помошникот на Министерот во ОВККИПС, зеде учество на регионалната платформа за борба против корупцијата чии корисници се одделите за внатрешна контрола од агенциите за спроведување на законот од Западен Балкан, Украина и Молдавија, што се одржа од 19-20 септември во Виена Австрија.

Двајца претставници од Одделот, во периодот од 08.10-10.10.2019 година, учествуваа на работилницата за изработка на Национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2020-2024, со претставници од Државната комисија за спречување на корупцијата.

На ден 09.10.2019 година, во Скопје, вработени од Одделот учествуваа во работата на регионалната иницијатива за соработка на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција – Фаза II“.

Во периодот од 05-06.12.2019 година, во Скопје, одржана е третата работилница за изработка на Националната стратегија за спречување корупција и судир на интереси 2020 - 2024, во насока на предлагање на мерки за надминување на идентификуваните ризици од корупција во областа – органи за спроведување на законот – МВР, Финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање, Државен завод за ревизија, Инспекциски совет и Управна инспекција, на која земаа учество двајца претставници од Одделот.

Македонскиот центар за меѓународна соработка, во име на Регионалната мрежа за лидерство и интегритет во Југоисточна Евопа и Транспаренси интернешнл Македонија, во име на Националната платформа на граѓанските организации за борба против корупција, на 13.12.2019 година, одржаа регионален форум во Скопје, со цел укажување на состојбата во корупцијата и корупциските ризици во РСМ. Во работата на форумот учествуваа двајца претставници од Одделот.

На ден 17.12.2019 година, во Скопје, во организација на Транспарентост Македонија, спроведен е форум на тема „Дали и како се пријавува корупцијата во институциите? Кои се механизмите на институциите, дали има линии за пријавување, дали тие функционираат, ефекти и резултати?“, на кој учестуваа двајца вработени во Одделот.

Во организација на Министерството за правда, на ден 18.12.2019 година, спроведена е обука за користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари, кој всушност претставува веб – апликација за следење на вакви случаи. На оваа обука учествуваше една вработена од

Одделот, на која и е овозможен пристап до системот за модул 5 – следење на имплементација на политики на интегритет.

Постапувајќи по насоките на Владата на Република Северна Македонија, за реализација на активностите за е – обуки, сите вработени во Одделот ги завршија основната и напредната обука за родова еднаквост, согласно дадените задолженија од Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси.

***Јакнење на институционалната и меѓуинституционална соработката на Одделот со институции задолжени за борба против незаконско и непрофесионално постапување***

И во 2019 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со активности за јакнење на соработката со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во МВР, Јавните обвинителства и судовите, се со цел поефикасна борба против незаконското и непрофесионално постапување на вработените во Министерството, а посебно со Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања, во ОЈО ГОКК.

Имајќи ги во предвид новите законски решенија, детално обработени во воведниот дел, оваа соработка веќе станува поинтензивна и се подига на ново квалитативно ниво.

Имено, самата имплементација на овие законски решенија диктира динамично темпо на меѓуинституционална соработа, што мора да резултира со интеракциски пристап на сите државни органи на кои се однесува оваа законска регулатива.

Одделот и во оваа година тековно соработуваше со Управата за финансиска полиција во Министерството за финансии, доставувајќи редовно квартални известувања, согласно обврските од Законот за јавна внатрешна контрола и Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите, во однос на управувањето и користењето на јавните средства.

***Јакнење на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор***

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, е остварување на континуирана соработката со Народниот правобранител и невладините организации, имајќи ја предвид нивната основна функција, која се состои во давање правна помош и заштита на основните права и слободи на граѓаните во случаи кога истите им се загрозени, со посебен акцент на таканаречените маргинални групи.

Погореспоменатите законски измени нужно водат кон интезивирање на соработката на ОВККИПС со Народниот правобранител, како и со граѓаните и невладиниот сектор.

Одделот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности. По сите барање од Народниот правобранител и невладините организации Одделот навремено доставува одговори.

По барање од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Одделот доставува периодични табеларни прегледи на Министерството за внатрешна работи за постапување по обраќањата и препораките на народниот правобранител, групирани по области.

### *Имплементација на Антикорупциската програма и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи*

На почетокот на годината, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во име на Министерството за внатрешни работи изготви *Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2019 година,* како и *Акциски план за имплементација,* во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активности и индикаторите на успех.

Во соработка со невладината граѓанска асоцијација „Хелсиншкиот комитет за човекови права“ и „ Здруженито на новинари на Македонија“, а во рамките на донесената Програма за јакнење на полицискиот интегритет, одржани се работилници за презентација на програмата, на ден 20-21.02.2019 година во СВР Скопје, а на ден 15.11.2019 година во СВР Велес.

Во насока на усогласување со стратегиите на Владата на Република Северна Македонија, за борба против корупцијата и зајакнување на интегритетот и професионалноста во државните институции, Министерството за внатрешни работи, во соработка со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF), одлучи да развие План за интегритет за сите вработени во Министерството. Носител на оваа стратешка активност е ОВККИПС, за што е изготвен Акциски план за развој и спроведување на План за интегритет на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Овој план претставува внатрешен анти-коруптивен документ за градење на интегритет, кој содржи сет на мерки за превенирање и елиминирање на можностите за настанување и развој на разни форми на коруптивно однесување.

За таа цел, во текот на 2019 година, работната група формирана во Министерството за внатрешни работи, работеше на менаџирање со ризиците на интегритет, односно, воспоставување на механизми на интегритет преку јакнење на одговорноста, контролирање на дискреционите права и зголемување на транспарентноста при носење на одлуките.

Преку соодветни обуки за анализа на ризик од корупција, третирано е секое работно место, со цел проценка за изложеноста на конкретни работни позиции за појава и развој на корупцијата и други форми на незаконско и неетичко однесување.

Работилница на тема „Планирање и управување со интегритетот – Анализа на ризик од корупција“, беше одржана во периодот од 22-23 јануари 2019 година во Велес, каде што од страна на експеритите од Република Црна Гора беше презентиран процесот на донесување на вакавиот план во Црна Гора.

Во деновите 22 и 23.05.2019 година, во просториите на ОВККИПС, одржан е работен состанок на работната подгрупа за анализа на ризик од корупција, на која се предложени и прифатени алатки за полесно собирање на податоци заради изготвување на анализа на ризик од корупција, односно изработка на прашалник со параметри потребни за изготвување на Планот за интегритет на МВР. Состанок на работната подгрупа е одржан и на 08.07.2019 година на кој е утврдена динамиката на дистрибуција на прашалникот до секоја организациска единица во МВР и негова обработка.

Претставници од Одделот учествуваа на Регионалниот семинар за обука за интегритет наменет за агенциите за спроведување на законот во Подгорица, Црна Гора од 24-25.09.2019 година, во рамки на програмата за градење на интегритет во Западен Балкат, организиран од DCAF.

Работилница за развој на планот за интегритет е релизирана во периодот од 02-03.10.2019 година во организација на DCAF, во Маврово, на која е направен преглед на завршната анализа од корупција, незаконско и непрофесионално однесување.

Одделот посебно внимание посветува на професионализација, департизација и деполитизација на вработените во Министерството, јакнење на интегритетот на вработените, доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата, а пред се интензивнно работење на превенцијата од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција.

ПРИЛОГ : Табеларен преглед

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**Филип Филиповски**

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
**на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди**

I.Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Повед ув. дисц. постапка | Укажување со предупредување | Постап. за надомест на матер. штета | Оддалечување од раб.место | Решение за отказ без водење дисциплинска постапка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008г. | 1148 | 75 | 173 | 122 | 32 | 39 | / |
| 2009г. | 1355 | 50 | 201 | 193 | 84 | 28 | 66 |
| 2010г | 1261 | 29 | 219 | 161 | 85 | 9 | 14 |
| 2011г. | 1250 | 30 | 228 | 230 | 62 | 9 | 29 |
| 2012г. | 1644 | 23 | 347 | 244 | 74 | 11 | 6 |
| 2013г. | 1584 | 12 | 277 | 261 | 45 | 4 | 20 |
| 2014г. | 1506 | 25 | 188 | 217 | 39 | 4 | 16 |
| 2015г. | 1524 | 26 | 205 | 200 | 39 | 2 | 6 |
| 2016г. | 1391 | 10 | 244 | 149 | 21 | 5 | 2 |
| 2017г. | 1200 | 17 | 355 | 153 | 18 | 48 | / |
| 2018г. | 1382 | 19 | 338 | 174 | 25 | 22 | / |
| 2019г. | 1371 | 10 | 334 | 163 | 27 | 20 | / |

## II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2008 г. | 64 | 4 | 36 | 24 | / |
| 2009 г. | 79 | 6 | 37 | 36 | / |
| 2010 г. | 64 | 5 | 38 | 20 | 1 |
| 2011 г. | 63 | 8 | 44 | 11 | / |
| 2012 г. | 73 | 4 | 46 | 23 | / |
| 2013 г. | 57 | 1 | 33 | 23 | / |
| 2014 г. | 71 | 4 | 46 | 21 | / |
| 2015 г. | 62 | 3 | 35 | 24 | / |
| 2016г. | 60 | 3 | 31 | 26 | / |
| 2017г. | 38 | 1 | 14 | 23 | / |
| 2018г. | 64 | 5 | 15 | 44 | / |
| 2019г. | 67 | 3 | 26 | 38 | / |

## III. Поднесоци од Народниот правобранител

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2008 г. | 51 | 46+ (6) [2] |
| 2009 г. | 70 | 68+ (5) |
| 2010 г. | 41 | 40+(2) |
| 2011 г. | 26 | 26+(1) |
| 2012 г. | 32 | 32 |
| 2013 г. | 23 | 21 |
| 2014 г. | 35 | 33 + (2) |
| 2015 г. | 27 | 27 |
| 2016г. | 24 | 24 |
| 2017г. | 25 | 25 |
| 2018г. | 32 | 31 |
| 2019г. | 49 | 48 |

2 Бројката во заградата се однесува на одговор по претставки добиени претходната година.

**IV. Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации**

| | **примени** | **одговорени** |
|---|---|---|
| **Хелсиншки комитет** | 26 | 24 |
| **Единство на македонскиот народен отпор** | 1 | 1 |
| **Европски центар за права на ромите** | 1 | 1 |
| **Македонска преродба** | 1 | 1 |
| Вкупно | 29 | 27 |

ДОПОЛНИТЕЛЕН ЗАМЕНИК НА
ПОМОШНИКОТ НА МИНИСТЕРОТ
**м-р Дејан Андонов**

Работилница на тема „Планирање и управување со интегритетот – Анализа на ризик од корупција“, беше одржана во периодот од 22-23 јануари 2019 година во Велес, каде што од страна на експеритите од Република Црна Гора беше презентиран процесот на донесување на вакавиот план во Црна Гора.

Во деновите 22 и 23.05.2019 година, во просториите на ОВККИПС, одржан е работен состанок на работната подгрупа за анализа на ризик од корупција, на која се предложени и прифатени алатки за полесно собирање на податоци заради изготвување на анализа на ризик од корупција, односно изработка на прашалник со параметри потребни за изготвување на Планот за интегритет на МВР. Состанок на работната подгрупа е одржан и на 08.07.2019 година на кој е утврдена динамиката на дистрибуција на прашалникот до секоја организациска единица во МВР и негова обработка.

Претставници од Одделот учествуваа на Регионалниот семинар за обука за интегритет наменет за агенциите за спроведување на законот во Подгорица, Црна Гора од 24-25.09.2019 година, во рамки на програмата за градење на интегритет во Западен Балкат, организиран од DCAF.

Работилница за развој на планот за интегритет е релизирана во периодот од 02-03.10.2019 година во организација на DCAF, во Маврово, на која е направен преглед на завршната анализа од корупција, незаконско и непрофесионално однесување.

Одделот посебно внимание посветува на професионализација, департизација и деполитизација на вработените во Министерството, јакнење на интегритетот на вработените, доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата, а пред се интензивнно работење на превенцијата од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција.

ПРИЛОГ : Табеларен преглед

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**Филип Филиповски**

**ДОПОЛНИТЕЛЕН ЗАМЕНИК НА**
**ПОМОШНИКОТ НА МИНИСТЕРОТ**
**м-р Дејан Андонов**